# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТЕЧАЈ

**Сл.Весник на Р.Македонија бр. 84 од 04.07.2007 година**

### Член 1

Во Законот за стечај ("Службен весник на Република Македонија" број 34/2006), во Делот дванаесетти зборот "КАЗНЕНИ" се заменува со зборот "ПРЕКРШОЧНИ".

### Член 2

Во членот 355 став 1 воведната реченица се менува и гласи: "Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност надлежниот суд ќе му изрече за прекршок на должникот - правно лице доколку:".
Во ставот 2 зборовите: "Со парична казна од 50.000 до 200.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на".

Во ставот 3 зборовите: "паричната казна" се заменуваат со зборот "глобата", а зборовите: "мерка на безбедност" се заменуваат со зборовите: "и прекршочна санкција".

### Член 3

Во членот 356 став 1 воведната реченица се менува и гласи: "Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност надлежниот суд ќе му изрече за прекршок на трговец - поединец доколку:".

Ставот 2 се менува и гласи:
"Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице на должникот трговец-поединец за деј ствиј ата од ставот 1 на овој член."

### Член 4

Насловот пред членот 357 и членот 357 се бришат.

### Член 5

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за стечај ("Службен весник на Република Македонија" број 126/2006), членовите 2 и 3 се бришат.

### Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".